ЛИДИЈА ЛАЗАРЕСКА, СПЕЦИЈАЛИСТ-ОФТАЛМОЛОГ

# КОНТРОЛИРАЈТЕ ГО ОЧНИОТ ПРИТИСОК ЗА ДА НЕ ДОБИЕТЕ ГЛАУКОМ




Глаукомот не може да се спречи, но ако се открие во раните фази, може добро да се контролира, а со тоа пациентот да го зачува видот во текот на целиот живот. Затоа е битна навремена проверка на очниот притисок

Глаукомот е состојба што предизвикува оштетување на оптичкиот нерв и која се влошува со текот на времето. Најчесто се јавува како резултат на зголемување на очниот притисок. Глаукомот има тенденција да биде наследен. Зголемениот очен притисок може да го оштети очниот нерв, кој ја пренесува сликата од окото до мозокот.

- Ако оштетувањето на очниот нерв продолжува, глаукомот ќе предизвика траен губиток на видот. Без лекување глаукомот може да доведе до потполно слепило во рок од неколку месеци до неколку години. Ако сте постари од 40 години или имате семејна историја за глауком, би требало да правите детален преглед кај офталмолог секоја една-две години. Доколку имате и други здравствени состојби, како дијабетес или други хронични болести или ризик за појава на други хронични очни болести, посетата на офталмолог би требало да се прави и почесто - смета Лидија Лазаревска, специјалист-офталмолог во ординацијата „Промедика медикал центар" во Скопје.

## ОД РОДИТЕЛИТЕ НА ДЕЦАТА

Глаукомот најчесто се јавува со покачување на очниот притисок. Тоа се случува кога очната водичка не циркулира нормално во предниот дел на окото.

- Очната водичка во нормални услови истекува од окото преку една мрежа на канали. Ако овие канали станат стеснети или се блокираат, количината на течност во окото се зголемува предизвикувајќи глауком. Директната причина на стеснување на овие канали останува непозната, но лекарите знаат дека склоноста за стеснување на каналите се пренесува од родителите на децата. Вообичаени причини за глауком исто така се и хемиски повреди, механички повреди, тешки очни инфекции, затнување на крвните садови на окото, а понекогаш и некои од оперативните зафати на окото. Глаукомот кај овие состојби е еднострaн за разлика од наследниот тип глауком, кој најчесто е двостран со различно време на појавување.

## СО ОТВОРЕН И ЗАТВОРЕН АГОЛ

Постојат два основни вида глауком.

Глауком со отворен агол е најчест вид глауком. Структурите на окото се нормални, но со текот на времето настанува намалување на одводните канали на окото, при што заостанува очна водичка во окото. Овој вид глауком е примарен облик.

- Глауком со затворен агол е поредок вид глауком. Кај овој вид може да дојде до нагло зголемување на очниот притисок, при што настанува т.н. акутен глауком каде што оштетувањето на очниот нерв може да настане во рок од неколку часа. Освен овој акутен вид глауком со затворен агол, може да се јават и хронични видови кај кои постепено се покачува очниот притисок поради затворање на корнеалниот агол со бавно оштетување на очниот нерв - објаснува д-р Лазаревска.

Глаукомот најчесто се јавува кај лица постари од 40 години. Многу поретко се јавува во првите месеци или години од раѓањето кај деца и ова е т.н. вроден глауком.

### ПРИ СЛЕДНИВЕ СИМПТОМИ ПОБАРАЈТЕ ПОМОШ ОД СПЕЦИЈАЛИСТ:

- Ареоли во боја околу светлосен извор;
- Замаглен вид;
- Црвенило на окото;
- Око што изгледа заматено (кај постари);
- Мачнина или повраќање;
- Болка во окото или интензивна главоболка;
- Постепено намалување на видот без наброените симптоми.

## БЕЗ ПРЕПОЗНАТЛИВИ СИМПТОМИ

Многу често пациентите кај кои се јавува глаукомот немаат никакви препознатливи симптоми.

**Лидија Лазареска**

**специјалист офталмолог**



- Првиот знак најчесто е губење на периферното видно поле кое поминува незабележано од страна на пациентот. Она што пациентите најчесто сами го забележуваат е нестабилност на видот со повремено промена на острината на видот, но тоа е веќе во подоцнежните фази на болеста. Бидејќи раните знаци може да останат незабележани, битно е да се прави комплетен преглед кај офталмолог секои 1-2 години. Кај некои


Oto aqua



*Здраво уво*

OTO AQUA ACIDA

Престојот на море, езеро или базени во текот на жешките летни денови често пати претставува ризик за појава на воспаление на увото. Водата која се задржува во увото после капење, создава подлога за развој на инфекции. Чести се воспаленијата и бактериските и габичните инфекции на надворешниот ушен канал, кај„пливачкото уво".Ја намалува pH вредноста во ушниот канал и со тоа го спречува развојот на микроорганизми. Честата употреба на растворот е потполно безбедна.
Со правилна хигиена на увото се спречува прекумерното создавање на церумен, формирање на чеп во ушниот канал што е најдобра превентива на инфекциите.

*Чисто уво*

OTO AQUA CLEAN SPREJ

Наменет е за редовна хигиена на увото и за испирање на ушниот канал пред употреба на капки. Дејствува антисептично, се употребува едноставно со помош на механичка пумпица. Познато е дека не се препорачува чистење на ушите со стапчиња, бидејќи на тој начин често се потиснува церуменот во внатрешноста.Овој спреј овозможува најдобро и најсигурно чистење.

*Уво без вишок на церумен*

OTO OLIVE OIL

На едноставен начин омекнете го и овозможете природно отстранување на церуменот. Маслиновото масло во Oto olive oil го омекнува церуменот и го олеснува неговото отстранување, дури и во случај на формиран церуминозен чеп.Маслото од чајното дрво, содржано во препаратот делува како природен антимикотик и антивоспалително средство кое ја намалува можноста за развој на бактериски и габични инфекции во увото.Се препорачува и на лица кои носат слушни апарати.




esensa
www.esensa.rs
SEPTIMA

## ЛИДИЈА ЛАЗАРЕСКА, СПЕЦИЈАЛИСТ-ОФТАЛМОЛОГ

### КОЈ ИМА ЗГОЛЕМЕН РИЗИК ЗА ГЛАУКОМ?

- Постари од 40 години;
- Семејна историја за глауком;
- Слаб вид поради високи диоптрии;
- Дијабетичари;
- Пациенти на подолготрајна терапија со кортикостероидни лекови.



пациенти доаѓа до краткотрајни скокови на очниот притисок, кој може да предизвика болки во очите, главоболка, заматен вид. Кај акутниот вид глауком, доаѓа до нагли симптоми кои може да имитираат симптоми на труење со храна, мигрена или други болести, гадење, повраќање, интензивна главоболка. Единствената разлика за да се препознае глаукомот е црвено око и заматен вид со појава на ареоли во боја ако пациентот гледа во извор на светлина - објаснува д-р Лазаревска.

#### ТРИ ВИДА ЛЕКУВАЊЕ

За дијагноза на глауком офталмологот ќе го тестира вашиот вид и ќе го провери очното дно. Прегледот се фокусира на очниот нерв, кој има посебен изглед во случај на глауком и неговото следење е од помош на процена на стадиумите. Офталмологот го мери и очниот притисок со инструмент – тонометар, а прави и тест на видното поле со кое компјутерски се проверува функционирањето на очниот нерв и дали постои губиток на периферниот вид. Тестовите за глауком се краткотрајни и безболни.

Лекувањето на глаукомот може да биде со локална терапија со капки, ласерски и со микрохирургија.

- Антиглаукоматозните капки имаат цел намалување на создавањето очна водичка во предната очна комора или подобрување на истекот на очната водичка низ одводните канали на окото. Честопати само овој вид лекување е доволно за контрола на глаукомот. Несаканите дејства на капките може да вклучуваат: црвенило на очите, алергии, надразнетост и сувост на очите. Ако овие симптоми се назначени, вашиот лекар ќе ги замени со друг тип капки. Ласерската корекција на глаукомот се работи поретко и со неа се зголемува протокот на очната водичка низ ласерски направените отвори. Со тоа се намалува очниот притисок. Најчесто се работи кај оние глаукоми каде што лекувањето со капки нема ефект или кај глаукомот со затворен агол. Третиот вид лекување кај глаукомот е микрохирургијата. Со операцијата - трабекулектомија се прави отвор под рожницата на окото каде што истекува вишокот очна водичка, со што се намалува очниот притисок. Кај некои пациенти овој вид лекување е најдобра опција. Кај вродениот глауком ова е и единствената опција за лекување бидејќи кај овие деца основниот проблем поради кој се јавува глаукомот е многу изменетиот дренажен систем на окото - смета д-р Лазаревска. (В.Т.)


# ЖЕНСКИ ВЛОШКИ СО НЕГАТИВНИ ЈОНИ - SUNNY GIRL




**Лентата со негативни јони ослободува висока концентрација на негативни јони, кои се покажале како ефикасни во отстранувањето на штетните бактерии и мириси, зголемувајќи ја удобноста и подобрувајќи го здравјето на жената. Интензитетот на негативните јони кои се ослободуваат од хигиенските влошки ефикасно го супримира преживувањето и размножувањето на бактериите и вирусите на секоја влошка.**

**Негативните јони продираат до матката и ја подобруваат циркулацијата на крвта. На тој начин наноситe и згрутчената крв на нивниот пат до матката се отстрануваат многу претпазливо. Матката може да се обнови и за 3-5 дена можат да бидат забележани подобрувања. Воспалението исчезнува и не останат никакви мириси.**

**Текстурата на влошките е изработена од Јапонски материјал.**

*Структура*

**Прв слој** - совршено мазна памучна површина, која дава поголема удобност.

**Втор слој** - анјонска лента – природно решение за менструалниот дискомфорт.

**Трет слој** – ултра мек памучен слој, кој дава поголема свежина и мекост.

**Четврти слој** - супервпивачки полимер, кој ја спречува влажноста и ја одржува површината сува.

**Петти слој** - ултра мек памучен слој, кој дава поголема свежина и мекост.

**Шести слој** - најдолна подлога која може да диши. Брзо ја елиминира влагата и топлината и ве остава свежи.

**Седми слој** – специјално дизајниран адхезив кој помага за лесно поставување на ткаенини, заштитен со лента.




ЕУРО ФАРМ

**Во Еурофарм, Зегин и другите аптеки во Република Македонија.**